**Општ Договор**

Марком | Registrar.MK со адреса Даница Ручигај 11, 1000 Скопје, Македонија е посредник на услуги за домени и домен додатоци, чија мисија е да биде доверлива неутрална трета страна.

Марком ги чува тајно сите административни и технички процедури и спецификации во врска со работата на домени и домен додатоци, освен кога се работи за податоци од јавен карактер и кои се јавно објавени. Клиентот се согласува неактивен домен да биде паркиран.Клиентот се согласува административен и технички контакт за домените да биде системски стандарден контакт, и регистрант да биде trustee агент.

Називот и употребата на домен името задолжително да биде во согласност со соодветен правилник. Регистрантот е задолжен да достави точни и ажурирани контакт податоци како: Име, Компанија и Даночен број (доколку применливо), Поштенска Адреса, Земја, Телефон и Мејл. Регистрантот е задолжен да пријави секакви промени за овие податоци веднаш и да корегира било каква грешка, Марком може да побара од регистрантот валидација на регистрираните контакт податоци. Регистрантот има 15 календарски денови да одговори. Марком има право да деактивира домен и сметка пред или после процес на валидација доколку контакт податоците се некоректни или неверодостојни. Марком нема да биде должен кон Регистрантот, или одоговрен за секаков вид на трошоци или загуби, кои би можеле да се појават директно или индиректно, како резултат на некаков прекин во употребата на доменот, додека истиот е деактивиран, пренаосочен или проследен кон нови именски опслужувачи, а кои произлегле од каква и да било претпоставка за криминално користење на доменот од страна на Регистрантот, или неуспешна валидација на регистрант контакт податоци, дури и доколку подоцна се испостави дека Регистрантот е ослободен од секаков сомнеж, врз основа на судска пресуда или одлука на било каков друг административен процес.

Клиентот се согласува дигитално потпишаните фактури да бидат доставени преку мејл. Марком го задржува правото да изврши промена на цената за услугите во било кое време.

Домен додатоците gSite и gMail се услуги од Google Site и Gmail, каде што хостинг е вграден од Google. Клиентот го ангажира Марком да креира и ажурира интернет страница и мејл адреса. При прекинување на плаќање за услугата домен додатоци од страна на клиентот, услугата и постоечките домен рекорди престануваат да служат.

Клиентот превзема одговорност и ги откажува сите побарувања кон Марком за употреба на услугите за домени и домен додатоци, обезбедени од Марком.